# ВЕЛО РОДЕО 2015-2020



Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Embassy of Switzerland in North Macedonia

# ВЕЛО РОДЕО 2015-2020

Програма:

Вело Училишта

Издавач:

Здружение на Граѓани Еко Логик
Ул. Бранислав Нушиќ бр.13 - 1/17, 1000 Скопје

Фејсбук страна:

https://www.facebook.com/EcoLogic.mk
https://www.facebook.com/veloschools

Веб страна:

www.ecologic.mk
www.veloschools.mk

Тел:

+ 389 78 365 902
+ 389 2 5112 716

За издавачот:

Никола Нешкоски

Автор(и):

Никола Нешкоски
Весна Павлова
Андријана Зафировска

Дизајн:

Александар Тодов

Лектура

Марија Нешкоска



ВЕЛО РОДЕО

## Што претставува Вело Родео?

Вело Родео претставува концепт на организирање на настани на отворено, кои имаат за цел промовирање на велосипедизам, со акцент на унапредување на постоечките и стекнување со нови вештини кај деца деца од различни возрасти. Главен фокус на настанот е насочен кон веќе претпознатливиот вело полигон, кој постојано се надополнува и надоградува од страна на експерти во оваа област, а во согласност со барањата и потребите на самите учесници - децата.

Како дополнителни активности од кои се состои концептот на настани Вело Родео, се издвојуваат едукативните игри креирани од страна на Здружението на Граѓани Еко Логик,  на теми поврзани со заштита и унапредување на животната средина, одржлив развој и велосипедизам, како и креативните работилници кои ги водат познати уметници од Македонија.

Вело Родео настаните може да бидат од информативен и рекреативен карактер, но исто така и од натпреварувачки карактер. Истите се дел од програмата Вело Училишта која ја реализира организацијата Еко Логик, во моментов во 29 општини и 138 основни училишта ширум Македонија.

## Зошто Вело Родео ?

Вело Родео настаните им овозможуваат на децата преку игра, забава и едукација да ја почувствуваат, но и пренесат пораката за придобивките од возење на велосипед на безбеден  начин, без разлика дали се работи за спортски ориентирано, или возење со цел транспорт од точка А до точка Б - урбано возење. Преку учество на Вело Родео настан, децата се стекнуваат со значајни вештини кои ќе им бидат од огромна корист при нивното движење на велосипед од дома до училиште, или до некоја друга дестинација, како на пример локалниот парк или планина.

## Главни активности во рамки на Вело Родео

- **Вело полигон** - како главен носител или “срцето“ на овој тип на настани.






- **Едукативни игри:** креирани од Здружението на граѓани Еко Логик, тестирани во голем број на основни училишта низ Македонија во кои главни теми кои се обработуваат се: велосипедизам, животна средина и одржлив развој.



Вело твистер



Вело меморија

- **Креативни работилници водени од докажани уметници,** каде што најмладите творат со различни техники на слободна тема или пак на теми зададени од самите уметници.




- **Ликовни изложби со цртежи од деца, за деца** - Во рамки на вело родео настаните, се реализираат т.н патувачки изложби. Автори на уметничките творби се ученици од основни училишта низ Македонија кои учествуваа на литературни и ликовни конкурси кои се организиараат  секоја година преку програмата Вело Училишта.






- **Пораки и факти** кои на интересен начин се изложени на самите настани на видливи места за да ги потсетува и едуцира учесниците во насока на велосипедизам, заштита на животната средина, енергетска ефикасност и одржлив развој.






## Што добиваат учесниците од учество на Вело Родео настан?

- Зголемена свест и интерес за користење на велосипедот како алатка која овозможува и промовира еколошки транспорт, спорт и здрав начин на живот кај учениците, но и сите останати;
- Стекнување со вештини и знаење потребни за безбедно и ефикасно возење на велосипед во урбана и рурална средина;
- Основно знаење за поправка и одржување на својот велосипед;
- Градење на став за одржливи  заедници, во кои сите ја разбираат и практикуваат заштитата на животната средина;
- Социјализација во време на дигитализација;
- Запознавање со основни сообраќајни правила;
- Едукација преку игра и забава.

Забелешка: за време на Вело Родео настаните сите учесници ќе имаат шанса да учествуваат во специјализирани работилници на теми поврзани со возење и одржување на својот велосипед, како и безбедност во сообраќајот, водени од професионалци во обласа.

## Типови на Вело Родео настани:

- **Училишни настани** - Овие настани се реализираат во училишни дворови каде што има соодветени услови. Повеќе за истите може да препознаете во продолжение на овој документ. Учесници на настанот се ученици од училиштето - домаќин или пак доколку се дојде до заедничка согласност (Еко Логик, Училиште, Општина) учесниците може да бидат и деца - ученици од околните училишта и општини.





- **Општински настани** - Овие настани се случуваат во координација со претставници од општината во кои се одржуваат, и Здружение на граѓани Еко Логик на локација уврдена по заеднички договор, но најчесто во т.н централно подрачје, за да можат да се приклучат деца од различни делови и/или разни училишта од самата општина.





**Маалски настани -** Целта на настаните е да се да се оживее духот на маалската дружба и игра. Истите може да се одржат во градско и рурално подрачје.





## Времетраење на Вело Родео настани:

Еден Вело Родео настан трае од 3 до 4 активни часови, во кои на учесниците им е понудена интекративна содржина од различен тип, при што учесниците секогаш си одат со насмеани и задоволни лица, и со желба настанот да се повтори. Целокупното времетарење на настанот (т.н. окупација на просторот) е околу 8 часа, со вклучено поставување (3 часа) и собирање на теренот и сите реквизити (2-3 часа).

## Критериуми за учество на Вело Родео настани:

Поаѓајќи од безбедноста на сите учесници на Вело Родео настаните, присуството и учеството зависи од серија на јасни критериуми што секој учесник е потребно да ги следи и почитува, без разлика дали се работи за физичко (деца, родители, наставници) и/или правно лице (училишта, општини).

**Деца:**

- Возраст: 3+ кои може да ги користат сите вежби на "баланс полигонот", како и да ги посетат едукативните игри и креативни работилници;
- Возраст: 7+ години, кои можат да користат одреден дел од вежбите на "вело родео полигонот", и сите вежби на "баланс полигонот", како и да ги посетат едукативните игри и креативни работилници. Забелешка: доколку организаторите на настанот сметаат дека одредени деца имаат знаење и вештини соодветни за поминување на сите вежби, тогаш може да се дозволи нивно учество и таму;

- Возраст: 10 - 14 години, кои можат да ги користат сите вежби, дел од "вело родео полигонот", како и да ги посетат едукативните игри и креативни работилници. Забелешка: иако се работи за поголеми деца, доколку организаторот забележи дека некои од нив немаат доволно добро ниво на вело вештини и знаење, може да ги насочи само кон одреден дел од вежбите на "вело родео полигонот";
- Задолжително носење на заштитна кацига, која може да биде сопствена или да биде изнајмена од страна на организаторот;
- Велосипед во исправна состојба: пред самото влегување на "баланс полигонот", како и на "вело родео полигонот" на сите учесници ќе им биде направена основна проверка на нивните велосипеди со цел избегнување на несакани ситуации. Доколку некој од учесниците има технички неисправен велосипед ќе може да изнајми велосипед на самиот настан, од страна на организаторот. Во спротивно, нема има можност да учествува на настанот со неисправен велосипед. Безбедноста е на прво место;

Забелешка: при изнајмување на кацига и/или велосипед задолжителен е потпис од родител и/или старател.

**Учество на училишта во т.н училишни настани:**

- Да бидат активна Вело Членка - дел од програмата Вело Училишта, преку кои се спроведуваат активности кои ги унапредуваат темите велосипедизам и безбедност во сообраќајот. Во моментов Вело Училишта има 138 активни членки од 29 општини низ Македонија;
- Да обезбедат соодветен простор, кој може да биде училишен двор, спортско игралиште или слично, со активна површина од минимум 30 метри ширина и 40 метри должина. Доколку училиштето поседува простор со различни димензии од бараните треба да го контактира организаторот за да добие повратни информации дали тој простор ги задоволува минимум пропишаните услови за поставување на вело полигон и додатни реквизити;
- Да пријават и потврдат учество на минимум 5 наставници-волонтери кои ќе бидат присутни за целото времетраење на настанот, и кои ќе помагаат по дадени насоки од страна на организаторот;
- Да обезбедат потребни ресурси од типот на: клупи (минимум 5), столчиња (минимум 10);
- Да обезбедат озвучување преку кое организаторот ќе пушти музика соодветна за деца. Доколку училиштето не е во можност да обезбеди озвучување, навремено да го информира организаторот;
- Да обезбедат соодветно освежување за сите учесници (ученици, наставници, тимот на организатори, како и волонтерите);
- Да обезбедат средства за дезинфекција и заштитни маски за сите учесници;
- Да ја информираат надлежната општина за реализацијата на настанот.

**Учество на Општини:**

- Да обезбедат соодветен простор, од типот на плоштад, парк и слично, со мнимум димензии на активна површина од минимум 30 метри ширина и 40 метри должина. Доколку општината поседува простор со различни димензии од бараните треба да го контактира организаторот за да добие повратни информации, дали тој простор ги задоволува минимум пропишаните услови за поставување на вело полигон и додатни реквизити;
- Да пријават и потврдат минимум 5 волонтери кои ќе бидат присутни за целото времетраење на настанот, и кои ќе помагаат по дадени насоки од страна на организаторот;
- Да обезбедат озвучување преку кое организаторот ќе пушти музика соодветна за деца. Доколку општината не е во можност да обезбеди озвучување, навремено да го информира организаторот;
- Да обезбедат соодветно освежување за сите учесници (деца, млади, родители, тимот на организатори, како и волонтерите);
- Да обезбедат средства за дезинфекција и заштитни маски за сите учесници;
- Да обезбедат потребни ресурси: клупи, столчиња и сл.
- Да обезбедат амбулантно возило (доктор, медицинска сестра, шофер) за целото времетраење на настанот;
- Да го информираат Министерствотото за внатрешни работи за самиот настан.

Доколку заинтересираните страни се согласни за исполнување на горенаведените критериуми, следува преминување во наредна фаза, односно потпишување на договор.

Вашиот интерес за учество во организирање на Вело родео настан во вашето училиште и/или општина можете да го пријавите на следните меил адреси:

ecologic.mk@gmail.com
veloschools.ecologic@gmail.com

Доколку имате дополнителни прашања ве охрабруваме да ни свртите на следниов телефонски број: **078 365 902**.

Ви стоиме на располагање во било кое време од денот.



## Реализирани Вело Родео настани:

Велосипедска трка за деца 07.10.2018
Број на учесници: над 40



Оваа трка беше дел од затворање на планинарска велосипедска трка, реализирана во парк шумата Гази Баба. Повеќе од 40 деца беа распределени во неколку трки (push bike и 12 inch-no pedal bikes, 16, 20, 24, 26 inch bikes)

с. Блатец - Патронен празник на ООУ „Кочо Рацин“ 19.04.2019
Број на учесници: над 50



По повод одбележувањето на патрониот празник на ООУ „Кочо Рацин“ во с.Блатец, Виница, беше организиран Вело Родео настан.

с. Богомила - Ден на планетата Земја 22.04.2019
Број на учесници: над 40



По повод одбележувањето на „Денот на планетата Земја“, а со тоа да се подигне нивото на свесност кај нејзините жители, во с. Богомила беше организиран Вело Родео настан, кој покрај препознатливиот вело полигон, ги опфаќаше и следниве активности: организирање на акција за собирање на отпад во селото, пинг понг, мал фудбал, друштвени едукативни игри (Вело Маало и Еко Маало), како и видео проекции со презентирање на документарниот филм ВОДОМИЛА, кој ја раскажува приказната за загадената вода за пиење во с. Богомила.

Вело Родео турнеја Мај 2019



Оваа турнеја беше за прв пат организирана и опфати неколку градови кои имаа чест за прв пат да земат учество во Вело Родео настан. Турнејата ги опфати следните градови:

Куманово 20.05.2019 (над 60 учесници), Свети Николе 21.05.2019 (над 80 учесници), Виница 22.05.2019 (над 100 учесници), Струга 27.05.2019 (над 40 учесници), Радовиш 30.05.2019 (над 100 учесници), и Гевгелија 31.05.2019 (над 50 учесници)

Одбележување на Европска недела на мобилност
2018/2019/2020



Европската недела на мобилност традиционално се одбележува секој Септември од 16 - 22ри во месецот.

Во 2018 година, здружението на граѓани Еко Логик ја одбележа во следните градови:

Виница 19.09.2018 (над 50 учесници), Кочани 21.09.2018 (над 150 учесници), Скопје 16-22.09.2018 (над 50 учесници), с. Богомила 16 - 22.09.2018 (над 30 учесници), Радовиш 16 - 22.09.2018 (над 50 учесници)



Во 2019 година, Европската недела на мобилност беше одбележана во следните градови:

Кочани 16.09.2019 (над 150 учесници), Делчево 17.09.2019 (над 100 учесници), Неготино 18.09.2019 (над 100 учесници), Велес 19.09.2019 (над 150 учесници) и Скопје 21.09.2019 (над 150 учесници)



Во 2020 година Европската недела на мобилност беше одбележана во следните градови:

Пробиштип 17.09.2020 (над 150 учесници), Демир Капија 18.09.2020 (над 100 учесници), Скопје 20.09.2020 (над 150 учесници), и Пехчево 22.09.2020 (над 50 учесници)



Месец Септември 2020, исто така го одбележавме како месец на велосипедизмот и одржливиот транспорт, а за таа цел го организиравме т.н Маалски Вело Родео настан, кој се одржа на 01.09.2020 пред платото на Млечен.



# ВЕЛО РОДЕО



ВЕЛО
УЧИЛИШТА

eco LOGIC

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Embassy of Switzerland in North Macedonia**